Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Одбегнување на измами

Еве неколку совети како да се препознаат и одбегнат измами на интернет.




На интернет не можете секогаш да сте сигурни дека луѓето се навистина тоа што кажуваат дека се. Знаењето дека на интернет има измамници е еден од најважните чекори во обидот да ги одбегнете. Кога ги знаете нивните трикови, лесно ќе можете да ја препознаете измамата.

## Измама „phishing”

Измамите наречени „phishing” се најчест вид на измами на интернет. Тие обично почнуваат со имејл (порака по интернет) или телефонски повик што личи како да е од бизнис во кој имате доверба, со барање да ги „потврдите” податоците од вашата интернет сметка (account). Кога ќе ги потврдите вашите податоци, нив всушност ги собира измамникот.

Ако добиете имејл со кој се бараат ваши лични податоци, треба да го направите следното:

- Не кликнувајте на ниедна врска (link) во имејлот.
- Избришете го имејлот.
- Помогнете и други да дознаат за измамата така што ќе ја пријавите на интернет страницата ScamWatch на Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи (ACCC).




**Ова е измама**

Ако сте многу загрижени, секогаш може да се јавите директно на компанијата од која изгледа дека е пратен имејлот. Во секој случај, користете ги само вашите информации за контакт, но ништо што стои во имејлот.

## Неочекувани пари

При оваа измама ќе добиете имејл во кој ви се ветуваат многу пари во иднина, ако веднаш уплатите мала сума. Неколку примери на оваа измама:

# Одбегнување на измами

- „Наследство” што ќе го добиете ако уплатите мали административни трошоци.
- Сте добиле пари на „лотарија”, но треба да платите некоја сума за да ви биде исплатена добивката.
- Ќе добиете многу пари во иднина ако сега му помогнете некому.

Ако некој кого не познавате ве контактира и ви нуди многу пари ако однапред уплатите мала сума, тоа веројатно е измама. Игнорирајте го тоа лице и избришете го имејлот.




**Има измами со кои се бара да уплатите пари**

## Пари за џабе

Има измами со кои се бара да платите за нешто што не постои. Бидете внимателни за работи како што се:

- Имејли во кои се нуди можност да се вклучите во голема инвестициска зделка, со голем попуст.
- Луѓе кои на интернет страници за ширење познанства (dating websites) многу брзо ви изразуваат голема љубов, а потоа бараат да им помогнете да платат медицински и други трошоци.
- Лажни добротворни организации кои ви се јавуваат по големи несреќи.
- Луѓе кои ви се јавуваат и велат дека има проблем со вашиот компјутер или даночната пријава.

Веројатно се работи за измами и треба да ги игнорирате.




## Дознајте повеќе за измамите

Најдоброто место за пријавување на измамите и да се дознае повеќе за нив е интернет страницата ScamWatch на Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи, која може да се најде на www.scamwatch.gov.au

## Знаењето е сила

Цел на измамите е да ја искористат вашата добрина. Меѓутоа, ако сте внимателни со откривањето на вашите лични податоци на интернет, логично размислувате кому давате пари и сте претпазливи, интернетот може да биде безбедно поле за истражување.